**20150290830**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Врз основа на член 43 став (5) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14 и 187/14), министерот за транспорт и врски, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/12), во насловот на Главата VIII. зборовите: „инвалидизирани - хендикепирани лица“ се заменуваат со зборовите: „лица со инвалидност“.

Член 2

Во членот 109 зборовите: „хендикепирани лица“ се заменуваат со зборовите: „лица со инвалидност“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„При проектирање на објектите заради обезбедување на непречен пристап и движење на лицата со инвалидност се применуваат одредбите од Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена и Правилникот за техничките карактеристики и димензиите на патеката за движење на лица со телесен хендикеп и лица со оштетен вид.

Член 3

Членовите 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122 и 123 се бришат.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-2939/1
19 февруари 2015 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески**, с.р.